**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 28-05-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2923 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)

3. **Период опфатен со надзорот:** 29 април 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 мај 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);

   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 08.03.2019 година, за непочитување на членот 14 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр.03-72, од 08.03.2019 година) на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2).*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението (11.03.2019 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван на 29

април 2019 година, на државно ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) не постапил по решението за изрекување мерка (Уп1 бр.03-72, од 08.03.2019 година), односно не ја отстранил извршената повреда на член 14 од Законот за медиуми.

Спротивно на точка 5 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во прилозите во информативните програми „Вести", не се целосно објавени податоците за импресумот - име и презиме на новинарот – автор на објавениот прилог, име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилогот (сниматели, монтажер и сл).

29.04.2019

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Вести - на албански јазик | 09:00:06 | 09:16:10 | Во информативната програма „Вести", во прилозите не се целосно објавени податоците за импресумот |
| | 10:00:16 | 10:16:18 | |
| | 12:00:40 | 12:19:51 | |
| | 18:30:07 | 18:51:15 | |
| | 22:00:25 | 22:21:35 | |
| Вести - на турски јазик | 15:30:31 | 15:47:49 | |
| | 17:30:15 | 17:47:34 | |
| Вести - на албански јазик | 14:00:40 | 14:15:35 | Во информативната програма „Вести", во прилозите воопшто не се објавени податоците за импресумот |

Спротивно на точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во програмата на српски јазик - „Видик", на одјавна шпица, не се целосно објавени податоците за импресумот - авторската, реализаторска екипа, податоците за уредништвото и за (датумот на) продукцијата.

29.04.2019

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| „Видик" - програма на српски јазик | 15:00:00 | 15:29:59 | Ниту на најавна, ниту на одјавна шпица, не се целосно објавени податоците за импресумот |

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), на 29 април 2019 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 08.03.2019 година, Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за медиуми.

Оттаму:

- Советот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

***Сектор за програмски работи***